| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, општина Неготино |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | ДООЕЛ ,,ПЕРКАН ПРОЕКТ,, ПРИЛЕП<br>ул.„Андон Слабејко“ бр.52 7500 Прилеп |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Марија Јанкулоска Младеновиќ, диа (планер УППГДЗ) |
| **Назив на работното место** | Диломиран инженер архитект (планер УППГДЗ) |
| **Контакт податоци за лицето** | Марија Јанкулоска Младеновиќ, диа (планер УППГДЗ)<br>perkanproekt@yahoo.com 078 23 22 13<br><br>д-р Наталија Ацеска, експерт за СЕА<br>naceska@gmail.com, 075 743743 |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Основ за изработка на предметниот УППГДЗ се:<br>-одредбите од член 17, став 4 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Република С. Македонија бр. 32/20, бр.111/23, бр.73/24, бр.171/24, бр.224/24, бр.40/25 и 101/25) каде се наведува: „Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење се донесува за подрачја за супраструктурни и инфраструктурни комплекси, системи, градби и придружни градби од државно значење или во функција на градби од државно значење, односно согласно одредбите од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република С. Македонија бр.225/20, бр.219/21, бр.104/22, бр.99/23 и бр.7/25) член 47 став 3, точка 6: електрични централи со инсталирана сила од 10MW и повеќе и трансформаторски станици и електро енергетски водови со напон од и над 35 кило волти што се дел од државната високонапонска мрежа. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да Х<br>Не |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Површината на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ - ЕНЕРГЕТСКИ КОМПЛЕКС - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НАД 10MW, КО ДУБРОВО, КО ТИМЈАНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО изнесува 145,23ha. За дел од планскиот опфат на предметниот урбанистички план од државно значење, постои УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА КОМПЛЕКС СО НАМЕНА ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА НА КП 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16 и 79/18, м.в."ЦРВЕН БРЕГ", КО ТИМЈАНИК И НА КП 278/3, 278/5 и 278/6, м.в."БУНАРЈЕТО", КО ДУБРОВО - ОПШТИНА НЕГОТИНО, донесен со Одлука бр. 08-31/10 од 31.01.2017г. од страна на општина Неготино. Површината на наведениот урбанистички план вон населено место, изнесува 91,23ha и оваа површина се наоѓа во средишниот дел од предметниот опфат на предмениот УППГДЗ. За останатите 54ha, од планскиот опфат од овој план нема претходна урбанистичка документација. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – енергетика.<br>Реализацијата на урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење – енергетски комплекс – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори бад 10 MW, КО дуброво, КО Тимјаник, Општина Неготино, ќе биде во функција на развој на локалната економија и согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија и треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.<br><br>**Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година**<br><br>• Искористување на соларната енергија, како пожелна и одржлива опција, со помал еколошки отпечаток во споредба со други технологии.<br>Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно што се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија:<br>• Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;<br>• Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот; |

| |
|---|
| • Достапност до доволни количества квалитетна вода, заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, третман на отпадни индустриски води од страна на самите субјекти;<br>• Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово повторно искористување, отстранување на прифатлив начин;<br>• Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;<br>• Рационално користење и заштита на земјоделското земјиште;<br>• Рационално и одржливо користење на природните ресурси;<br>• Користење на обновливи извори на енергија;<br>• Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет;<br>• Избегнување, спречување или намалување на бучавата. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |
| |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе** |
| При изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ - ЕНЕРГЕТСКИ КОМПЛЕКС - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НАД 10MW, КО ДУБРОВО, КО ТИМЈАНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО, се настојува да се запазат програмски барања и стратешки определби и насоки од Просторниот план на државата: „*Реализацијата на предметниот план со намена за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор, преку производство на енергија од обновливи извори, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.*" Градбата на енергетски објекти со погон од обновливи извори на енергија (фото-волтаични електрани и соларни панели) ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови."<br>Планираниот енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, Општина Неготино, целосно се вклопува во заложбите и определбите на државата за одржлив развој на енергетскиот сектор и искористување на алтернативните енергии. Овој план се надоврзува на „Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година" -(Стратегија) - (изработена од PricewaterhouseCoopers (PwC), Strategy& (part of PwC network) и Истражувачкиот центар за енергетика и одржлив развој на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ). |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Енергетика |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2025 – 2026 година |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| 10 години. |
| |

| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа |
|---|
| Локацијата, предмет за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење, се наоѓа на приближна оддалеченост од 3km југоисточно од градот Неготино, 3,5km западно од еден од позначајните објекти на електропреносниот систем во државата - ТС Дуброво 400/110kV и западно од Магистрален пат (автопат) - **А1** (Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија).<br>Границата на предложениот плански опфат ги опфаќа следните катастарски парцели:<br>- КО Дуброво: КП 278/6, 278/3, 278/10, 278/5, 278/8, 469, 471/1-дел, 472/1-дел, 483/1-дел,<br>- КО Тимјаник: 79/17, 79/12, 79/11, 79/10, 79/9, 79/19-дел, 79/16, 79/13, 79/15, 79/14, 79/32, 79/34, 79/8, 79/18, 79/28, 79/20, 79/7-дел, 79/40-дел, 79/6-дел, 74/1, 74/2, 79/26-дел, 79/30, КП 3677-дел, 83, 92, 91, 87/1-дел, 85/1-дел, 85/4, 84/1-дел, 86-дел, 93/1-дел, 79/5-дел<br>Површината на планскиот опфат изнесува 145,23ha.<br><br> |



Во границите на планскиот опфат предвидени се вкупно 7 градежни парцели: две градежни парцели со намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, една градежна парцела со намена: Е1.8-Трансформаторска станица (110kV) и четири градежни парцели со намена Е1.8-Далноводски столбови. Просторно доминантни се градежните парцели со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани. Градежната парцела за трансформаторска станица се наоѓа во југоисточниот дел од планскиот опфат.

Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)**

| | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ би било несоодветното управување со генерираниот отпад – воглавно електронски отпад и одредени хаварии поради нессодветно ракување со опремата. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Досегашниот просторен развиток на општина Неготино во чиј атар се наоѓа планскиот опфат го наметнува прашањето за неискористени потенцијали кои просторот и неговото пошироко опкружување ги поседува, а кои се откриени и утврдени низ методолошки пристап кој опфаќа:<br>• Валоризација на погодностите и ограничувањата за просторен развиток на општината. Валоризација на природните можности и создадените потенцијали за задоволување на денешните и особено идните потреби на населението во околните населби.<br>• Проекција на потребите и можностите за остварување на зацртаните цели на развојот и во согласност со нив дефинирање на критериумите, стандардите и плански параметри со кои ќе се утврдат функционалните и просторни потреби на сите подрачја на развиток на општината во планскиот период.<br>• Усогласување на програмските определби и планските параметри на идниот развиток со насоките на Просторниот план на Републиката.<br>• Концепт на идниот развој на општината со основни параметри во планирањето.<br>• Валоризација на погодностите, можностите и ограничувањата на идниот просторен развој на планот.<br>• Усогласување на концепцијата за идниот развој со согледувањата и насоките кои произлегуваат од Просторниот план на Републиката. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина, животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката. Општина Неготино има 18.194 жители. |

| | |
|---|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, рационално и одржливо користење на природните ресурси; користење на обновливи извори на енергија;отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Областа со реализација на планираниот објект ќе добие зголемена вредност. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На подрачјето на катастарската општина кое е предмет на анализа не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Подрачјето на планскиот опфат претставува неизградено земјиште, со површина од со вкупна површина од 1 452 255.39м$^2$ (145.23ha) односно: 16 802.55м$^2$ (1.68ha) - сообраќајна инфраструктура и 1 435 452,84м$^2$ (143,55ha) - неизградено земјиште. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Со донесувањето на овој план ќе следи и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани. Особено од важност ќе биде следењето на новите трендови на искористување на обновливите извори на енергијата согласно Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година | |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти. | |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Имплементацијата на планските содржини предвидени со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за стопански развој во општина Неготино, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл. | |

Од аспект на животната средина во оперативната фаза многу незначително ќе се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:
Воздух: зголемена фрекфенција на возила од работни активности на објектот;
Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства;
Вода: на предметната локација не се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води.
Почва: Несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.
Културно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра од културно и историско значење;
Пејсаж: Планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;
Транспорт: Зголемена фрекфенција на возила по автопатот;
Отпад: Генерирање на отпад, воглавно електронски отпад.
Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.
- Искористување на обновливи извори на енергија
- Искористување на соларна енергија, преку имплементирање на концептот неограничен извор на енергија

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Неправилно управување со отпадот во објектот може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
Како основа за изготвување на оваа урбанистичка документација следниве документи:

- Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

Со цел предвидените активности во планскиот опфат да се одвиваат непречено, а од друга страна да се даде посебен осврт на заштитата на животната средина треба да се донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**За дел од предметниот опфат постои УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА КОМПЛЕКС СО НАМЕНА ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА НА КП 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16 и 79/18, м.в."ЦРВЕН БРЕГ", КО ТИМЈАНИК И НА КП 278/3, 278/5 и 278/6, м.в."БУНАРЈЕТО", КО ДУБРОВО - ОПШТИНА НЕГОТИНО, донесен со Одлука бр.08-31/10 од 31.01.2017г. од општина Неготино.

За горенаведениот урбанистички план изработен е: ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА од ДЕКОНС-ЕМА-Друштво за Еколошки Консалтинг, од Ноември 2014г. Стратегиската оцена на животната средина за Урбанистичкиот план за комплекс со лесна индустрија во Неготино беше изработена за да се проценат потенцијалните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, како и социо-економските последици од реализацијата на планот. Оцената покажа дека локацијата не се наоѓа во заштитено подрачје и не е во судир со повисоки плански документи, што ја прави соодветна за развој на незагадувачка индустрија.

Во документот се предложени мерки за снабдување со вода преку бунари, третман на отпадни води во пречистителни станици и воспоставување на заштитни зелени појаси. Дополнително, се препорачува користење на обновливи извори на енергија и примена на најдобри достапни технологии. Имплементацијата на планот е оценета како поповолна од алтернативата „да не се спроведе“, поради можноста за отворање работни места, зголемени приходи во буџетот и локален економски развој.

Овие заклучоци беа земени предвид во процесот на одлучување, при изработка на урбанистичката документација и консултациите со надлежните институции. Подготвениот План за мониторинг овозможува следење на влијанијата и носење навремени мерки, што придонесува за одржливо управување со просторот.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Со овој Извештај за Стратегиска оцена на животна средина за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - Енергетски комплекс - Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, општина Неготино, ќе се дадат генерални мерки и насоки кои ќе влијаат врз подобрувањето на животната средина и здравјето на човекот. Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Овој проект спаѓа во Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина V – Енергетика, точка 5. Електрани кои користат обновливи извори на енергија (сонце, ветер, биомаса, геотермална и др) со моќност од 200 MW.)

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **МИНИСТЕР<br>АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ** |
| Бр. 67-5010/2<br>Датум 01.07.2025 година<br>Место: Скопје | М.П. |